Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Двесте и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 12 декември 2023 година

Скопје, декември 2023 година

# З А П И С Н И К
## од Двесте и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2023 година

Седницата започна во 13:30 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура и Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Елена Ристевска, државен советник во Министерството за здравство.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,

Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација.

*
*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**Пред преминување на Дневен ред**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2022 година

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година

1. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година

2. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети (19 моторни возила) во кривична и прекршочна постапка и предлог-одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност ( 3 моторни возила)

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У бр. 03-1004/1

4. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила)

5. Предлог на закон за правда на децата (*)

6. Информација за преземање на архивата на поранешниот министер без ресор задолжен за дијаспора во Министерството за надворешни работи

7. Информација за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2024 година, со прилози

8. Информација за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство

9. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на интерресорска група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025 година)

10. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана

11. Информација за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство" на Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со Предлог-решение

12. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ „Ариз Мена", село Мислодежда, Општина Струга, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ „Ариз Мена", село Мислодежда, Општина Струга

13. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (опрема и мебел)

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски"-Битола

15. Годишна програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година со Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година

16. Барање за давање на автентично толкување на член 368 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21 и 154/23), поднесено од пратеникот Панчо Минов

17. Иницијатива поднесена од Стевче Стојанов од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.176/2023 за поведување на постапка за оценка на уставноста на член 12 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/23)

18. Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје

19. Кадровски прашања

20. Прашања и предлози

21. Информација за потребата од измена на законска регулатива поради усогласување со Законот за индустриски-зелени зони

22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони

23. Информација во врска со одржување на Дваесет и првиот состанок на Министерскиот совет на енергетската заедница на 14 декември 2023 година во Виена, Австрија

24. Информација со анализа на можни модели, вклучувајќи го и моделот на јавно приватно партнерство и анализа и предлог за потребната правна рамка за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати

25. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за абдоминална хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и ургентен центар-Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје

26. Информација за изменување на повеќегодишната јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на филтер станица за вода за пиење за н.м. Пршовце и Глоѓи“, Општина Теарце

27. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2023 година

28. Информација за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година

29. Информација за потребата од продолжување на временскиот рок за имплементација на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)

30. Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година

31. Информација за Второ дополнување на Договорот со економската интересна група-EUMETNET од 17 септември 2009 година (дополнет на 21 ноември 2018 година), со текст на Договор

32. Предлог на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата

33. Информација за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево, со Предлог-решение

34. Предлог на закон за дополнување на Законот за државното правобранителство, по скратена постапка

35. Информација за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Медресеја Иса Беу“ во с. Кондово, Скопје, со Предлог-одлука

36. Информација во врска со донесување на Стратегија за паметна специјализација, со текст на Стратегија и Акциски план

37. Информација за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука

38. Информација во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, со бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година, со Предлог-одлука

39. Информација за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за изградба на складишта и паркиралишта, објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, како и изградба на детски градинки кои ќе бидат изведени на блок 14, блок 25 и блок 27 во ТИРЗ Скопје 1 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во блок 7 и блок 19 во ТИРЗ Штип и блок 7 во ТИРЗ Прилеп, по принцип на изградба клуч на рака

40. Информација за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на подрачно училиште во с. Корешница, Општина Демир Капија, како и услуги за вршење на стручно-технички надзор врз доградба на подрачно училиште во с. Корешница, Општина Демир Капија

41. Предлог-одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта

42. Информација за потребата од изземање на проектот „Државен пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп-мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица-каменолом Маврово" и проектот „Техничка ревизија за големиот проект ,Изградба на патна делница Градско-клучка Дреново како дел од патниот коридор X-д' од Планот за јавни набавки за повеќегодишната акциска програма за транспорт и животна средина 2014-2020 (ИПА II)"

43. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ОУ „Димче Ангелов-Габерот", Општина Демир Капија, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на „ОУ Димче Ангелов-Габерот", Општина Демир Капија

*

*  *

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2022 година

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиската спогодба за Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2022 година, со текст на Финансиска спогодба и прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Финансиска спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за финансирање на Годишна акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2022 година..

2. Се овластува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиската спогодба помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија за финансирање на Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за ИПА 2022 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии да го обезбеди националното кофинансирање во рамки на Акцискиот документ ЕУ за модерни системи за отпадни води во износ од 36.500.000 евра.

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година

Владата го разгледа Барањето од Министерството за внатрешни работи за изменување на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, го прифати и заклучи:

1. Да се измени Законодавната агенда и тоа:

- Предлог на закон за експлозивни материи за цивилна употреба, рокот за доставување наместо јуни 2023 година да биде во текот на 2024 година.

Согласно ова, соодветно да се измени Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Изменетата Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1.7.2023 година-31.12.2023 година и навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2023 година, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-3802/2).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (09-3805/2).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за правда (09-3806/2).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-3808/2).

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-3809/2).

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (09-3807/2).

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Липково (09-3810/2).

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (09-3818/2).

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на НУ Албански театар за деца и млади-Скопје (09-3811/2).

10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-3801/2).

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи (09-3822/2).

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта-Скопје (09-3812/2).

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Чучер-Сандево (09-3813/2).

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за транспорт и врски-Државен инспекторат за транспорт (09-3820/2).

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на „ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје“ (09-3814/2).

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Арачиново (09-3815/2).

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерството за внатрешни работи-Биро за јавна безбедност (09-3816/2).

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кичево (09-3817/2).

19. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката бр. 41-3062/1 од 3 мај 2022 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија.

20. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката бр.41-5352/62 од 15 август 2023 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

21. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката бр.41-10395/37 од 6 декември 2022 година за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Собранието на Република Северна Македонија.

Истовремено, Владата не ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерството за внатрешни работи (09-3819/2), поради немање на регистарски таблици на возилото.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности У бр. 03-1004/1.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила).

## Точка 5

Владата го разгледа Предлогот на закон за правда на децата (*), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамед Точи, државен секретар во Министерството за правда и Тања Кикерекова, раководител на сектор во Министерството за правда.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на архивата на поранешниот министер без ресор задолжен за дијаспора во Министерството за надворешни работи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги спроведе активностите за пренесување на целокупната архива на министерот без ресор, задолжен за дијаспора и да изврши примопредавање во Министерството за надворешни работи, најдоцна до 20 декември 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да продолжи да ги координира активностите и проектите утврдени во Акцискиот план на Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година, како и останатите активности кои досега беа во надлежност на министерот без ресор, задолжен за дијаспора.

3. Се задолжуваат надлежните министерства и другите органи на државната управа и управни организации, извештаите на годишно ниво за спроведување на активностите утврдени во Националната стратегија на Република Северна Македонија за соработка со дијаспората 2019-2023 година и Акцискиот план, да ги доставуваат до Министерството за надворешни работи, најдоцна до први декември.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за преземање на професионални војници со навршени 45 години возраст од Министерството за одбрана во органите на државната и локалната власт и во други државни органи за 2024 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а им се укажува на институции кои немаат статус на орган на државна управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа во рок од 15 дена да достават информација до

Министерството за одбрана дали имаат слободни работни места за преземање и прераспоредување на професионални војници со навршени 45 години возраст.

2. Се задолжува Министерството за одбрана по добивањето на информациите од органите на државната управа, од институциите кои немаат статус на орган на државна управа и од единиците на локалната самоуправа во рок од 10 дена да достави согласност за откажување на финансиски средства до Министерството за финансии, по месеци на нивно преземање во наведените институции за тековната 2024 година.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство, ја усвои и го задолжи Министерството за правда во рок од една година да подготви „Водич за начин на постапување по предмети од областа на конфискација на имот во странство“.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на интер-ресорска група за следење и оценка на спроведување на активностите предвидени со Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025 година).

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за одбрана.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инженерство“ на Институт за земјотресно инженерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ „Ариз Мена“, село

Мислодежда, Општина Струга, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ „Ариз Мена“, село Мислодежда, Општина Струга и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2023 година и наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за реконструкција и санација на кровна покривка во ПОУ „Ариз Мена“, село Мислодежда, Општина Струга во вкупна вредност од 7.892.312,00 денари со ДДВ и за надзор 197.308,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 526.810,00 денари со ДДВ, а за надзор 13.170,00 денари со ДДВ во 2023 година,
- за реконструкција 7.365.502,00 денари со ДДВ, а за надзор 184.138,00 денари со ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 13**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Мустафа Кемал Ататурк“ с. Долно Количани, Студеничани, Скопје),

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Наим Фрашери“ с. Студеничани, Скопје) и

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Студеничани (за потребите на ОУ „Алија Авдовиќ“ с.Батинци-Скопје).

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“-Битола.

## Точка 15

Владата ги разгледа Годишната програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година, со Финансиски план на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 106 став (2) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 154/23), Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија донесува годишна програма за работа и истата е должно да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи: програма за работа за наредната година со планирани активности, особено за исполнување на програмските обврски на Македонската радио-телевизија согласно овој закон и финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на Македонската радио-телевизија за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Македонската радио-телевизија, како и предвидените капитални инвестиции на Македонската радио-телевизија. Според став (3) од овој член, во прилог на Годишната програма за работа на Македонската радио-телевизија за наредната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радио телевизија за тековната година, а според став (4) од овој член, финансискиот план од став (2) алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година.

По однос на текстот на Предлог-одлуката за одобрување на финансискиот план, од формално-правен аспект се укажува на потребата од правно-техничко и редакциско подобрување.

Во последниот Извештај на Европската Унија за напредокот на земјата за 2023 година, се наведува дека треба да се засили спроведувањето на Стратегијата за реформирање на јавниот радиодифузен сервис и да се финализираат именувањата на членовите во програмскиот совет. Исто така, реформите треба да бидат во насока на зајакнување на независноста, професионалните стандарди и финансиската одржливост на јавниот сервис.

Врз основа на тоа, во континуитет треба да продолжат реформите за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот радиодифузен сервис, преку зајакнување неговите професионални и кадровски капацитети, притоа земајќи ја предвид и улогата на јавноста, која треба да биде навремено, објективно и точно информирана.

Врз основа на доставените проекции на приходната страна за 2024 година, може да се утврди дека Македонската радио-телевизија планира да реализира приходи во вкупен износ 1.581.500.000 денари. Во однос на реализираното во претходната година, кај приходите постои зголемување од 6,4 %.

Следствено на ова, во структурата на приходи за 2024 година, најголемо е учеството на приходите од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 1.485.000.000 денари, од кои 1.185.000.000 денари се средства за финансирање на радиодифузна дејност, а остатокот од 300.000.000 денари се планирани средства за постигнување на повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на Македонската радио-телевизија.

Имајќи предвид дека горенаведените износи на планирани буџетски средства не соодветствуваат со износите планирани за оваа намена во Предлогот на буџет на Република Северна Македонија за 2024 година (1.155.000.000 денари се планирани за финансирање на радиодифузна дејност, а 50.000.000 денари за повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој), потребно е предложениот план и програма соодветно да се коригираат и усогласат.

Расходната страна на претпријатието за 2024 година е утврдена на вкупен износ од 1.581.500.000 денари (зголемување од 10,3 % во однос на 2023 година), во чиј износ влегува и износот на средства предвиден за инвестиции од 167.500.000 денари. Во вкупниот износ на расходи, позначајно учество имаат следните позиции: трошоци за вработени, трошоци за енергија, трошоци за амортизација, програмски права и други трошоци од работењето.

Во однос на проекцијата на средства кај помалку продуктивни расходни ставки, се укажува на потребата да се разгледа можноста истите да се ревидираат во насока на нивно намалување, а согласно препораките на Владата на Република Северна Македонија за намалување на овој вид расходи.

Имајќи го предвид ова, Годишната програма за работа на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2024 година да се дополни и коригира, согласно горенаведените забелешки.

## Точка 16

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 368 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01, 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21 и 154/23), поднесено од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следното мислење:

Пратеникот Панчо Минов поднесе Барање за автентично толкување на членот 368 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија"

бр.18/01, 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 123/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.215/21 и 154/23). Во Барањето се наведува дека со измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/23) законодавецот во членот 368 став (3) предвидел рок на застареност од десет години од моментот на поднесеното барање за извршување и дека во однос на овој апсолутен рок треба да се има предвид времето на истекот на рокот по кој може да се бара намирување на побарување од доверителот, кога должникот или странката се повикува на застареноста.

Во Барањето, исто така, е наведено дека е потребно толкување од причина што примената на одредбата од Законот за облигационите односи се покажала произволна и креативна во практична имплементација, имајќи предвид дека извршителите кои имаат постапки, кои траат повеќе од 10 години, не постапуваат при истакнат приговор за застареност од должникот и ги упатуваат странките на суд, а исто така постојат ситуации кога различни судови во државата носеле различни пресуди во однос на истото прашање.

Владата смета дека во конкретниот случај Собранието на Република Северна Македонија, како орган на законодавната власт, е потребно да даде толкување од причина што согласно Уставот на Република Северна Македонија, една од надлежностите на Собранието е да донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Согласно членот 71 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10.000 избирачи.

Министерството за правда не е предлагач на конкретните измени на Законот за облигационите односи . Измените се поднесени од страна на група на пратеници во мај 2023 година, а донесени на 18 јули 2023 година од страна на Собранието.

Согласно наведеното, излишно е да се дава толкување на одредби од Законот за облигационите односи, во смисла на нивна примена при донесување на судски одлуки и кога се работи за различна пракса од судовите во примена на конкретниот член на Законот.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата смета дека Собранието на Република Северна Македонија, во конкретниот случај, потребно е да даде автентично толкување на член 368 од Законот за облигационите односи.

## Точка 17

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Стевче Стојанов од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.176/2023 за

поведување на постапка за оценка на уставноста на член 12 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.199/23) и притоа го утврди следното мислење:

Со Иницијативата се наведува дека оспорениот член бил во спротивност со членовите: 8 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија со кои се утврдени темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, односно основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот како и владеењето на правото.
Подносителот на Иницијативата го оспорува членот 12 во делот „кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност“.

Понатаму подносителот на Иницијативата укажува дека согласно членот 67 став 2 од Статутот на Комората „Пред донесување на одлуката по барањето за прием, Комисијата за прием ќе изврши проверки на пригоден начин на фактите од членот 12 од Законот за адвокатурата и тоа дали лицето ужива углед, дали е достојно за вршење на адвокатската дејност, вклучително од аспект на адвокатската етика регулирана во актите на комората и дали врши работи кои се неспоиви со адвокатурата.“

Во поднесената Иницијатива се наведува дека членот 12 од Законот за адвокатурата и членот 67 став 2 од Статутот на Комората биле спротивни на повеќе членови од Уставот, без при тоа да се прецизира кои се тие членови, освен членот 8 од Уставот и воедно спротивни на членот 31 став 1 од Законот за административни службеници и Законот за работни односи, повторно без да се наведе на кој член се мисли.

Имено, двата члена го нарушувале принципот на „владеење на правото“ бидејќи граѓаните се ставале во правна несигурност. Дали некое лице уживало углед или не и дали било достојно да врши адвокатска дејност или не, подносителот на Иницијативата, наведува дека не е правна норма туку морална.

Адвокатурата е уставно загарантирана категорија и има важна улога во секое демократско општество, но и централна улога во нашиот правосуден систем. Таа е дефинирана во членот 58 од Уставот на Република Северна Македонија како самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Токму поради таа причина, адвокатурата е регулирана со посебен закон. Оттука, подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека оспорениот закон не е во согласност со Уставот бидејќи истиот е донесен од страна на Собранието на Република Северна Македонија, а врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот истиот е прогласен и со указ потпишан од страна на Претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Следствено на наведеното, законодавецот со оспорената одредба не ги ограничил правата и слободите на човекот и граѓанинот бидејќи со Законот за адвокатурата, конкретно со оспорениот член не станува збор за ограничување по ниеден основ.

Во Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија.бр.199/23) во членот 12 се наведува дека:

Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и е достојно за вршење на адвокатската дејност и ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија или да е државјанин на држава земја членка на Европската Унија;
- да е деловно способно;
- има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Северна Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии VII/1 или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит;
- трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство;
- активно да го зборува македонскиот јазик;
- да има положено правосуден испит во Република Северна Македонија;
- со правосилна судска одлука да не е осуден на безусловна казна затвор во траење над шест месеци, како и да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должноста, за време на траење на санкцијата;
- да не е во работен однос;
- да не врши работи кои се неспојливи со адвокатурата;
- да не му престанала функцијата судија, јавен обвинител, државен правобранител или заменик, народен правобранител или заменик, избран или именуван функционер, односно да не му престанал работниот однос како државен службеник, нотар, заменик или помошник-нотар, извршител или заменик-извршител, со конечна одлука во судска, дисциплинска или друга постапка со која е утврдена одговорност во вршење на функцијата, односно службата додека не поминат пет години од конечноста на одлуката и
- да достави доказ за завршена почетна обука при Центарот за едукација на Адвокатската комора.

Во членот 53 од Уставот на Република Северна Македонија се наведува дека „адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон.“

Ваквата уставна поставеност на адвокатурата како самостојна и независна јавна служба која обезбедува правна помош, е всушност должност на законодавецот да обезбеди професионално вршење на работите на адвокатурата со што ќе се зајакне принципот на владеење на правото, а преку чување на угледот и достоинството на адвокатската дејност.

Во Статутот на Адвокатската комора се наведува дека „Комисијата за прием на пригоден начин ќе изврши проверка на фактите од членот 12 од Законот за

адвокатура и тоа дали лицето ужива углед, дали е достојно за вршење на адвокатската дејност, вклучително од аспект на познавање на адвокатската етика регулирана во актите на Комората и дали врши работи кои се неспоиви со адвокатурата", а се во врска со член 12 став 1 алинеи 12 и 13.

Во Статутот на Комората се предвидува Комисијата за прием на пригоден начин да изврши проверка на условите за прием во Адвокатската комора. Со овој член, всушност, се уредува начинот на кој ќе се изврши проверката на фактите од членот 12 од Законот во кој се наведени условите за прием во адвокатурата.

Во членот 32 од Уставот на Република Северна Македонија став 2 се наведува дека секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место при тоа наведувајки во ставот 5 дека остварувањето на овие права се уредува со закон и со колективен договор. Наведеното значи дека условите за пристап до соодветно работно место секогаш се уредуваат во закон, односно со Законот за адвокатурата во конкретниот случај.

Врз основа погоре наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 12 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 199/23) е неоснована, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

## Точка 18

Владата ја разгледа Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје и притоа укажа дека во насловот на Статутарната одлука, зборот „предлог" треба да се избрише.

По однос на останатиот текст на Статутарната одлука, Владата нема забелешки.

## Точка 19

1. Владата на Рамадан Рамадани отповикан од должноста директор на Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија во Истанбул, Република Турција, му утврди право да остварува плата по престанок на функцијата за време од 12 месеци сметано од 7 ноември 2023 до 6 ноември 2024 година.

2. Владата од должноста членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, поради истек на мандатот ги разреши:

-Борчо Алексов,

-Кети Костовска,
-Убавка Исијаиновска и
-Маја Папатолевска

2.1 Владата за членови на Националниот одбор за Македонска рамка за квалификации, ги именува:

-Сафет Незири, претставник од Министерството за образование и наука,
-Лидија Михајловска, претставник од Министерството за образование и наука,
-Лидија Штерјов, претставник од Министерството за труд и социјална политика и
-Зенефер Бајмак Грозданов, претставник од самостојниот синдикат за образование, наука и култура-СОНК.

3. Владата од должноста вршители на должноста членови на Управниот одбор Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, поради истек на мандатот ги разреши:

-Игор Христов и
-Ангел Јованов

3.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, ги именува:

-Мите Петровски и
-Митко Ацевски

4.Владата го разреши Валдет Џафери од должноста вршител на должноста директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда, поради истек на мандатот за кој е именуван.

4.1. Владата го именува Бурим Бајрами за вршител на должноста директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата ја разреши Едита Зеќировиќ од должноста член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

5.1 Владата го именува Сашо Секуловски за член на Управниот одбор-претставник од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата на Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола.

6. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за избор на еден член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување (непрофесионално ангажиран член) со мандат од пет години.

## Точка 20

**1.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во врска со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, донесена од Собранието на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 декември 2023 година, а по претходно усвоени амандмани на Комисијата за финансирање и буџет, со кои се алоцирани финансиски средства, како капитални дотации до Единиците на локалната самоуправа за реализација на конкретни проекти во општините кај Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за култура/финансирање на дејностите од областа на културата, Министерството за здравство, заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Агенцијата за млади и спорт, Министерството за култура/финансирање на дејностите од областа на културата, Министерството за здравство, во текот на утрешниот ден (13 декември 2023 година), најдоцна до 12:00 часот, до Владата да достават предлог-одлуки за одобрување на средства на наменски сметки на општините, согласно Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

**2.** Владата го симна од Дневен ред Барањето од Јавната установа Национален парк Пелистер-Битола за давање согласност за добивање позајмица од Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје и АД МЕПСО

**3.** Владата по повод работната посета на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, во рамки на ЕУ Самитот за Западен Балкан на 13 и 14 декември 2023 година, во Брисел, Кралство Белгија, ги донесе следните заклучоци:

1) Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги информира Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат на

Владата на Република Северна Македонија, за претставниците на медиумите кои ќе патуваат во Брисел:

- Мирјана Давидовска - новинар, Сител телевизија
- Дарко Димитриевски - сниматeл, Сител телевизија
- Јовица Пауновски-новинар, ТВ21
- Александар Видиновски - новинар, Канал 5
- Тони Стојановски - сниматeл, Канал 5

2) Секретаријатот за европски прашања и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да ги поделат меѓусебно трошоците за превоз и сместување на претставниците на медиумите, кои ќе патуваат и ќе присуствуваат на работната посета на Брисел.

**4.** Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Министерство за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, во соработка со Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања да ја отпочнат постапката за аплицирање за добивање на техничка помош од Инструментот на ЕУ за финансирање на инвестициски проекти за земјите од Западен Балкан (ВБИФ) за ревизија на постојната проектна и техничка документација за изградба на делницата од железничкиот Коридор VIII-Западна страна од Кичево до граница со Република Албанија.

2) Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, а се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје да ја известат Европската инвестициска банка дека за овој проект Владата на Република Северна Македонија прифаќа, како водечка финансиска институција, да биде Европската инвестициска банка, при што да се побара поддршка од страна на Европската инвестициска банка во процесот на подготовка за добивање на техничка помош од Инструментот на ЕУ за финансирање на инвестициски проекти за земјите од Западен Балкан (ВБИФ) за ревизија на постојната проектна и техничка документација за изградба на делницата од железничкиот Коридор VIII-Западна страна од Кичево до граница со Република Албанија.

**5.** Владата го разгледа Барањето за покровителство по повод „21 Декември-Денот на наставата на турски јазик во Република Северна Македонија“, со Предлог-одлука, го прифати Барањето и ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**6.** Владата на предлог на д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија ја прифати Иницијативата за изградба на училиште во Општина Чашка и ги задолжи Министерството за образование и наука, Министерството за финансии, а и препорача на Општина Чашка да преземат соодветни активности во насока на изградба на нов училишен објект согласно потребите на жителите на с. Бањица, во близина на постојното ОУ „Тодор Јанев“ во Општина Чашка, каде учениците би можеле да реализираат настава на мајчин јазик.

**7.** Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за дополнување на Одлуката за одобрување на вработувањата во Јавно претпријатие за државни патишта.

**8.** Владата ја разгледа Информацијата во врска со потреба од нови вработувања на неопределено време за 70 (седумдесет) работника од АД МЕПСО Скопје за 2023 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на вработувањата во Операторот на Електропреносен систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје-АД МЕПСО.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од измена на законска регулатива поради усогласување со Законот за индустриски-зелени зони, ја усвои и го задолжи Министерството за транспорт и врски во соработка со Министерството за економија да преземе активности за изменување на Законот за градежно земјиште и Законот за урбанистичко планирање.

## Точка 22

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриски-зелени зони, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот истиот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Дваесет и првиот состанок на Министерскиот совет на енергетската заедница на 14 декември 2023 година во Виена, Австрија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, да учествува во работата на Дваесет и првиот состанок на Министерскиот совет на енергетската заедница.

2. Се задолжува претставникот на Владата на Република Северна Македонија да ги поддржи следните точки од Дневниот ред на Министерскиот совет на енергетската заедница, кои се за усвојување и тоа:

1) Агенда на состанокот на Министерскиот совет и точки од Анекс А

2) Ново законодавство 2023
- Одлука за продолжување на важноста на Договорот за основање на енергетска заедница (EnCS);
- Одлуки за инкорпорирање на Регулативата за TEN-E и дополнување и изменување на Договорот за основање на енергетска заедница;
- Процедурален акт за седиштето на форумот за гас.

3) Буџет на енергетската заедница 2024/2025 и сродни прашања-моментална состојба и следни чекори-точка за информирање и дискусија

4) Имплементација на Договорот-точка за информирање и дискусија
- Транспонирање и имплементација на Пакетот за интеграција на електрична енергија усвоен во 2021 и 2022 година (EnCS) и Транспонирање на директивите за обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и Регулативата за управување со енергија усвоени од енергетската заедница;
- Транспонирање и имплементација на Директивата за нафтени резерви (EnCS);
- Мерки спроведени за време на вонредни состојби како одговор на порастот на цените (EnCS);
- Неусогласени големи постројки за согорување (EnCS).

5) Патоказ за декарбонизација
- Систем за цени на јаглеродот во енергетската заедница-за дискусија;
- Национални енергетски и климатски планови-за дискусија;
- Патоказ за признавање на гаранциите за потекло издадени од договорните страни во ЕУ (ЕЗ)-за информирање и дискусија.

6) Надоврзување од последниот министерски совет-за информирање и дискусија

7) Заклучоци од министерскиот совет

**Точка 24**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата со анализа на можни модели, вклучувајќи го и моделот на јавно приватно партнерство и анализа и предлог за потребната правна рамка за имплементација на Системот за следење и контрола на нафта и нафтени деривати.

## Точка 25

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за реконструкција и реновирање на операциони сали за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за абдоминална хирургија-Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија и ургентен центар-Скопје и ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија-Скопје за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за здравство да ги усогласи заклучоците по Информацијата со Министерството за финансии.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на повеќегодишната јавна набавка за финансирање на активности на проектот „Изградба на филтер станица за вода за пиење за н.м. Пршовце и Глоѓи", Општина Теарце и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во тековната 2023 година и наредните 2024 и 2025 година на Министерството за животна средина и просторно планирање за започнување на повеќегодишна јавна набавка за финансирање на активности на проектот-„Изградба на филтер станица за вода за пиење за н.м.Пршовце и Глоѓи", Општина Теарце и тоа за:

-2023 година 2.100.000,00 денари со вклучен ДДВ;
-2024 година 30.750.000,00 денари со вклучен ДДВ и
-2025 година 46.050.000,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги предвиди во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

## Точка 27

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за колекторски систем Охрид и Струга за 2023 година и ја донесе Програмата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за вработување на здравствени работници и здравствени соработници за потребите на јавните здравствени установи во Република Северна Македонија за 2023 година и притоа заклучи да го задолжи Министерството за здравство, за наредната седница на Владата, согласно одржаниот состанок со Министерството за финансии да подготви и да достави информација со табеларен приказ за 2022 и 2023 година со приливи и одливи на здравствени работници и здравствени соработници, како и очекувани пензионирања и планирани вработувања за 2024 година на здравствени работници и здравствени соработници, за потребите на сите јавните здравствени установи во Република Северна Македонија, за секоја поединечно, со дополнителен финансиски податок (колона во табела) дали секоја јавна здравствена институција има обезбедено средства за вработување, како и број на вработени со договор на дело (колона во табела).

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на временскиот рок за имплементација на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП), ја усвои и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерство за труд и социјална политика, да се обрати кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка за продолжување на временската рамка за имплементација на Проектот за администрирање на социјалното осигурување (СИАП) за дополнителни 18 месеци, односно до 30.6.2026 година.

## Точка 30

Владата ја разгледа Предлог-програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2023 година, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство редакциски да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за Второ дополнување на Договорот со економската интересна група-EUMETNET од 17 септември 2009 година (дополнет на 21 ноември 2018 година), со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од седум дена, да го потпише овластувањето на директорот на Управата за хидрометеоролошки работи за потпишување на Договорот за

дополнување на Договорот од 17 септември 2009 година (дополнет на 21 ноември 2018 година) за формирање Економско интересна група EUMETNET.

2. Се овластува Ивица Тодоровски, директор на Управата за хидрометеоролошки работи да го потпише Договорот за дополнување на Договорот од 17 септември 2009 година (дополнет на 21 ноември 2018 година) за формирање Економско интересна група EUMETNET.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за хидрометеоролошки работи да обезбеди средства за годишна членарина во EUMETNET во расположливите годишни буџети за 2024, 2025, 2026, 2027, 2028, 2029, 2030, 2031, 2032 и 2033 година, во рамките на максималните износи на расходи.

## Точка 32

Владата го разгледа Предлогот на закон за ослободување од плаќање на дел од придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Славица Костовска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловните реони Куманово, Кочани, Кавадарци, Гевгелија, Битола, Охрид и Кичево, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија.

## Точка 34

Владата го разгледа Предлогот на закон за дополнување на Законот за државното правобранителство, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Кренар Лога, министер за правда и Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Мухамет Точи, државен

секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 35**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Медресеја Иса Беу“ во с. Кондово, Скопје, со Предлог-одлука.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Стратегија за паметна специјализација, со текст на Стратегија и Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја усвои Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027, со Акциски план (2024-2025).

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за економија, Фондот за иновации и технолошки развој, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Развојната банка на Северна Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, да го следи спроведувањето на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027, согласно Акцискиот план 2024-2025 и еднаш годишно, до крајот на септември, да ја информира Владата за текот на спроведувањето на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027 и Акцискиот план 2024-2025.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за економија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, Министерството за финансии, Министерството за финансии-Царинската управа, а се укажува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Развојната банка на Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Фондот за иновации и технолошки развој, да ги предвидат мерките од Акцискиот план во нивните програми за работа за 2024 година, најдоцна до крајот на март 2024 година.

4. Се задолжува Министерство за образование и наука да ја достави Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027, со Акцискиот план 2024-2025, на мислење и препораки до Генералниот директорат на

Европската комисија-Здружениот истражувачки центар, најдоцна до 20 јануари 2024 година.

## Точка 37

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за доделување на трајно користење на недвижни ствари без надомест на Агенцијата за цивилно воздухопловство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Агенција за цивилно воздухопловство со заклучок Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија номотехнички да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 38

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со Договорот за доделување на државна помош склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија застапувана и претставувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство, трговија и услуги НЕКСТ.Е.ГО МОБИЛЕ, NEXT.E.GO MOBILE ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, со бр.13-1151/1 од 15.8.2022 година, со Предлог-одлука.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства во наредни години за спроведување постапка за јавна набавка за изградба на складишта и паркиралишта, објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, како и изградба на детски градинки кои ќе бидат изведени на блок 14, блок 25 и блок 27 во ТИРЗ Скопје 1 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во блок 7 и блок 19 во ТИРЗ Штип и блок 7 во ТИРЗ Прилеп, по принцип на изградба клуч на рака и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за повеќегодишно финансирање за спроведување на постапка за изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп, по принцип на изградба клуч на рака.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги обезбеди потребните финансиски средства во висина од 1.793.600.000,00 денари за

спроведување на постапка за изведба на објекти за времено сместување и амбуланта за прва помош, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 и објекти за времено сместување, детски градинки и складишта со придружни содржини (паркиралишта) во ТИРЗ Штип и ТИРЗ Прилеп, по принцип на изградба клуч на рака, со следниот начин и динамика:

- 354.000.000,00 денари во 2023 година,
- 500.000.000,00 денари во 2024 година и
- 939.600.000,00 денари за 2025 година и наредни години.

3. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони средствата во висина од 1.439.600.000,00 денари за 2024 и 2025 година, како и наредните години да ги прикаже во буџетскиот циркулар за истите години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија, за соодветните фискални години.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за доградба на подрачно училиште во с. Корешница, Општина Демир Капија, како и услуги за вршење на стручно технички надзор врз доградба на подрачно училиште во с. Корешница, Општина Демир Капија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за доградба на подрачно училиште во с. Корешница, Општина Демир Капија, во вкупна вредност од 9.230.083,00 денари без ДДВ и за надзор 230.752,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 3.675.378,00 денари без ДДВ, а за надзор 91.884,00 денари без ДДВ во 2023 година
- за реконструкција 5.554.705, 00 денари без ДДВ, а за надзор 138.868,00 денари без ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

## Точка 41

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изземање на проектот „Државен пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп-мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица-каменолом Маврово“ и проектот „Техничка ревизија за големиот проект ,Изградба на патна делница Градско-клучка Дреново како дел од патниот коридор Х-д' од Планот за јавни набавки за повеќегодишната акциска програма за транспорт и животна средина 2014-2020 (ИПА II)“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од пет дена да достави известување до Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии-ЦФЦД за изземање на проектите, „Државен пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп-мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат Al, с. Беловодица-каменолом Маврово“ и проектот „Техничка ревизија за големиот проект ,Изградба наплатна делница Градско-клучка Дреново како дел од патниот коридор Х-д' од Планот за јавни набавки за повеќегодишната акциска програма за транспорт и животна средина 2014-2020 (ИПА II)“.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во соработка со Јавното претпријатие за државни патишта, во рок од 10 дена согласно добиеното известување од Јавното претпријатие за државни патишта да направи измена на Планот за јавни набавки за повеќегодишната акциска програма за транспорт и животна средина 2014-2020 (ИПА II) во насока на изземање на проектите, „Државен пат А1, реконструкција и надградба на патот Прилеп-мост на Ленишка Река и изградба на трета лента на делницата од државниот пат А1, с. Беловодица-Каменолом Маврово“ и проектот „Техничка ревизија за големиот проект ,Изградба на патна делница Градско-клучка Дреново како дел од патниот коридор Х-д'“ и Планот да го достави до Министерството за финансии-ЦФЦД.

3. Се задолжува Министерство за финансии-ЦФЦД, во рок од пет дена по добивање на известувањето за изземање на проектите, да го достави до Делегацијата на Европската Унија.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ОУ „Димче Ангелов-Габерот“,

Општина Демир Капија, како и услуги за вршење стручно-технички надзор врз доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на „ОУ Димче Ангелов-Габерот“, Општина Демир Капија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски со програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2024 година на Министерството за образование на наука за доградба на кујна и ресторан за исхрана во склоп на ОУ „Димче Ангелов-Габерот“, Општина Демир Капија, во вкупна вредност од 12.561.239,00 денари без ДДВ и за надзор 314.031,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- за реконструкција 847.458,00 денари без ДДВ, а за надзор 21.186,00 денари без ДДВ во 2023 година и

- за реконструкција 11.713.781,00 денари без ДДВ, а за надзор 292.845,00 денари без ДДВ во 2024 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука потребните буџетски средства да ги утврди во рамките на обезбедените и планираните средства во соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:15 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |